Врз основа на член 13 став 2 од Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам ("Службен весник на Република Македонија", бр. 04/08), министерот за финансии донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за утврдување**
**Листа на држави кои ги исполнуваат барањата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам**

**Член 1**

Со овој правилник се утврдува листа на државите кои ги исполнуваат барањата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам од член 13 став 1 алинеја 3 на Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам и за кои е дозволено субјектите да применуваат поедноставена анализа во случаите кога клиент е банка која е основана и функционира согласно прописите на овие држави.

**Член 2**

Листата на држави се утврдува согласно:

-усогласеност на регулативата за превенција од перење пари и финансирање на тероризам со меѓународната регулатива од оваа област, согласно со информациите од меѓународните организации и сознанијата на Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам;

-членство во меѓународни организации во чиј домен е воспоставување на стандарди и координација и евалуација на мерките за борба против перењето парии финансирањето на тероризмот;

-транспарентност на финансискиот систем и

-стабилност на банкарскиот систем и почитувањето на меѓународните супервизорски стандарди.

**Член 3**

Државите од член 1 се:

- државите членки на Европската Унија;
- Исланд;
- Норвешка;
- Јапонија;
- Канада;
- Соединети Американски Држави;
- Австралија и
- Нов Зеланд.

**Член 4**

Листата на држави кои ги исполнуваат барањата според поставените критериуми ќе биде ажурирана на секои шест месеци. Листата ќе се објавува на интернет страната на Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| **Број 02-9118/1** | **МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ** |
| **10 март 2009година** | **д-р Трајко Славески** |
| **Скопје** | |